# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 12 Март 2021 година Скопје Бр.3 Год. XVI |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за усвојување на Годишна сметка за 2020 година на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица“ ....стр.2
2. Одлука за давање приоритет на инвестицијата за реализација на проектот“Реконструкција на ул. „Радушка“ (ул. Црногорска) – 2 фаза ....стр.4
3. Одлука за уредување на користење на јавниот простор и давање под закуп на павилјони во Реонски парк „Корзо“, општина Ѓорче Петров ....стр.6
4. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата за остварување на социјална заштита во општина Ѓорче Петров за 2020 година ....стр.9
5. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор за 2020 година ....стр.16
6. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2020 година ....стр.28
7. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата од областа на предучилишното образование и воспитание на општина Ѓорче Петров за 2020 година ....стр.36
8. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на образованието за 2020 година ....стр.44
9. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата за еднакви можности на жените и мажите на општина Ѓорче Петров за 2020 година ....стр.54
10. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата за меѓународна соработка на општина Ѓорче Петров за 2020 година ....стр.60
11. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2020 година ....стр.77

12. **Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата за урбано планирање, програмата за комунални дејности , програмата за Јавна Чистота и програмата за изградба и одржување на јавни објекти на општина Ѓорче Петров за 2020 година ......................................стр.83**
13. **Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата за заштита на животната средина и природата, програмата за енергетска ефикасност, програмата за јавно осветлување и програмата за ЛЕР на општина Ѓорче Петров за 2020 година .........................стр.113**
14. **Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата за заштита, спасување и кризи на општина Ѓорче Петров за 2020 година ............................................................................стр.122**
15. **Годишен финансов извештај на општина Ѓорче Петров за 2020 година ..................................стр.129**
16. **Завршна сметка на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2020 година ......................................стр.142**

**Март 2021 година**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишна сметка за 2020 година на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица"-Ѓорче Петров, Скопје**

**Се објавува Одлуката за усвојување на Годишна сметка за 2020 година на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица"-Ѓорче Петров, Скопје, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и втората седница, одржана на ден 12.03.2021 година.**

**Број 09-624/1**
**од 12.03.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М." бр.5/2002), член 116 став 1, алинеја 4 од Законот за заштита на децата („Службен Весник на Р.М." бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Сл. Весник на РСМ." 104/19, 146/19 и 275/19), член 16 став 1 точка 9 од од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 52-та седница одржана на ден 12.03.2021 година ја донесе следната**

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишна сметка за 2020 година на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица"-Ѓорче Петров-Скопје**

**Член 1**

**Советот на општина Ѓорче Петров ја усвои Годишната сметка за 2020 година на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Росица"-Ѓорче Петров-Скопје, за сметките :**

- **7780101996 787 17,**
- **7780101996903 11 и**
- **7780101996603 10.**

**Член 2**

**Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров".**

**Број 08-583/3**
**од 12.03.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање приоритет на инвестицијата за реализација на проектот"Реконструкција на ул. „Радушка" (ул. Црногорска) – 2 фаза**

**Се објавува Одлуката за давање приоритет на инвестицијата за реализација на проектот "Реконструкција на ул. „Радушка" (ул. Црногорска) – 2 фаза, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и втората седница, одржана на ден 12.03.2021 година.**

**Број 09-624/2**
**од 12.03.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ' бр.05/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 52-та седница одржана на ден 12.03.2021 година, донесе**

**О Д Л У К А**
**за давање приоритет на инвестицијата за реализација на проектот "Реконструкција на ул. „Радушка" (ул. Црногорска) – 2 фаза**

**Член 1**

**Со оваа Одлука се дава приоритет на инвестицијата за реализација на проектот: "Реконструкција на ул. „Радушка" (ул. Црногорска) – 2 фаза ".**

**Член 2**

**Изградбата на локалниот пат од Член 1 на оваа Одлука ќе се реализира со средства од Светска банка, со кои располага Министерството за транспорт и врски за реализација на проектот „ Поврзување на локални патишта„.**

**Член 3**

**Согласно Програмата на Министертсвото за транспорт и врски и проектната единица при Министерството за транспорт и врски, за поврзување на локални патишта предвидено е финансирање во висина од 100% од вредноста на прифатениот и одобрен проект во форма на грант.**

**Член 4**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров".**

**Број 08-583/4**
**од 12.03.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за уредување на користење на јавниот простор и давање под закуп на павилјони во Реонски парк „Корзо“, општина Ѓорче Петров**

**Се објавува Одлуката за уредување на користење на јавниот простор и давање под закуп на павилјони во Реонски парк „Корзо“, општина Ѓорче Петров, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и втората седница, одржана на ден 12.03.2021 година.**

**Број 09-624/3**
**од 12.03.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36 став (1) точка 10, а во врска со член 67 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" број 5/02), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 52-та седница одржана на ден 12.03.2021 година, ја донесе следната**

**О Д Л У К А**
**за уредување на користење на јавниот простор и**
**давање под закуп на павилјони во Реонски парк „Корзо"**
**општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

**Со оваа Одлука се уредува користењето на јавниот простор и утврдува начинот и условите за давање под закуп на павилјони во Реонски парк „Корзо" во општина Ѓорче Петров со цел да се спроведе јавна и транспарентна постапка и да се постигне висока конкурентност.**

**Член 2**

**Предмет на давање под закуп е следнава урбана опрема:**

**- Павилјон 1, урбана опрема  лоциран на КП. Бр. 15392 КО Ѓорче Петров 3, со вкупна површина од 50,33 м2,  поставен согласно одобрението за поставување урбана опрема бр. 19-612 од 05.05.2020 година,**

**- Павилјон 2, урбана опрема  лоциран на КП. Бр. 15392 КО Ѓорче Петров 3, со вкупна површина од 50,33 м2, поставен согласно одобрението за поставување урбана опрема бр. 19-612 од 05.05.2020 година,**

**- Павилјон 3, површина за поставување на урбана опрема - Јавна соба со вкупна површина од 50 м2, согласно стандардите и условите за поставување на урбана опрема.**

**Павилјон 1 и павилјон 2 се изградени во целост, а павилјон 3 е потребно да се изгради од страна на закупецот согласно стандардите и условите за поставување на урбана опрема на основа на соодветна документација и одобрение, што ќе се уреди во договорот за закуп.**

**Член 3**

**Јавни површини кои ќе се користат во функција на тераси на павилјони(те) не се предмет на закуп, а големината на површините ќе се уредува со посебно барање за добивање на дозвола за користење од општина Ѓорче Петров.**

**Член 4**

**Давањето под закуп на павилјони во Реонски парк „Корзо" во општина Ѓорче Петров ќе се врши врз основа на објавување на Јавен повик за доставување на понуди  кој ќе биде објавен на www.opstinagpetrov.gov.mk и во два дневни весника.**

**Право на учество на јавниот повик ќе имаат сите правни и физички лица кои ќе**

ги исполнат општите, посебните услови и критериуми кои ќе бидат утврдени од страна на секторот за урбанизам врз основа на технички стандарди и нормативи.

**Член 5**

Начинот на спроведување на постапката, содржината на понудата и почетната цена на закупнината ќе бидат дефинирани во јавниот оглас, а ќе се спроведе преку Комисија за спроведување на јавниот повик.

Се задолжува градоначалникот на општина Ѓорче Петров, да формира Комисија за спроведување на јавниот повик во рок од 10 дена од денот на стапување во сила на оваа Одлука.

**Член 6**

По спроведување на јавниот повик ќе се изврши евалуација на доставените понуди кои ќе се рангираат и со најповолната понуда ќе се изврши избор на закупци на павилјони.

Изборот за најповолна понуда ќе се врши врз основа на економски најповолна понуда, а почетната цена на закупот ќе се врши врз основа на извештајот од проценетата вредност од страна на овластен проценител.

**Член 7**

Градоначалникот на општина Ѓорче Петров ќе склучи поединечни договори за давање под закуп на урбаната опрема со избраните понудувачи за секој од павилјоните, заради регулирање на правата и обврските што произлегуваат од закупот.

**Член 8**

Јавниот простор на реонскиот парк „Корзо" ќе се користи исклучиво со намена за шеталиште, а дополнително ќе се наплаќа надомест согласно направената проценка за останатите потреби за паркинг и достава на роба за потребите на комерцијалните објекти која ќе се врши со утврден термин јавно објавен на влезот од локацијата на реонскиот парк „Корзо".

**Член 9**

Договорот за закуп за павилјион 1 и павилјон 2 е со рок на важност од 5 години, а за павилјон 3 е во рок на важност од 10 години, со право на продолжување под услови кои ќе се уредат во договорот за закуп.

**Член 10**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров".

**Број 08-583/5**
**од 12.03.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализација на програмата за остварување на социјална заштита на општина Ѓорче Петров за 2020 година**

**Се објавува Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за реализација на програмата за остварување на социјална заштита во општина Ѓорче Петров за 2020 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и втората седница, одржана на ден 12.03.2021 година.**

**Број 09-624/4**
**од 12.03.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## За реализација на Програма на општина Ѓорче Петров во остварување на социјална, детска и здравствена заштита во 2020 година

**Скопје, Март 2021 година**

## I. ВОВЕД

Извештајот е изготвен во насока да даде целосна слика за реализација на активностите предвидени во Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2020 до 31.12.2020 година, кој беше донесена од Советот на Општина Ѓорче Петров.

Согласно наведеното, Извештајот ги вклучува реализираните активности и финансиски средства поединечно за секоја категорија опфатена во Програмата.

## II. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

- **Во делот на социјалната и здравствената заштита остварени се следниве активности :**

### 1. Еднократен паричен надомест за новороденчиња

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста | Во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 поднесени 263 барања за новороденче, од кои 129 се машки баратели и 134 женски ,а се близнаци се 5 пара.<br><br>Исплатени се вкупно 1.135.000,00 ден. За новороденчиња.<br>За новороденчиња планирани се 1.600.000,00 ден |
| Време на реализација | 01.01.2020-31.12.2020 |
| Трошоци | Вкупно нето 1.135.000,00ден |

### 2. Еднократна парична помош

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста | Во периодот од 01.01.2020 до 31.012.2020 разгледани се поднесени 150 случаи.<br>Од одобрените 150 барања жени се 93 и мажи 57, при што се исплатени вкупно 955.000 ден.<br>За еднократна парична помош планирани се 1.600.000,00ден. |
| Време на реализација | Од 0.1.01 2020- 31.12.2020год |
| Трошоци | Вкупно нето<br>955.000 ,00ден |

**3. Патролна Социјална служба**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Проектот „ Патролна социјлна служба „ не се релизираше во изминатиот период поради Ковид 19.**<br>**Планирани сретства се 130.000 ден за 12 месеци.** |
| **Време на реализација** | **Од 0.1.01 2020- 31.12.2020 год** |
| **Трошоци** | **0, ден** |

**4. Еднократна матерјална поддршка во дрва и сл.**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 доделена е матерјална поддршка во дрва во вредност од 51.100,00 ден на 8 лица**<br><br>**За дрва се планирани 100.000,00 ден** |
| **Време на реализација** | **0.1.01.2020– 31.12.2020 год.** |
| **Трошоци** | **51.100,00 ден** |

**5. Отварање на канцеларија во Даме Груев за административни права од обласа на социјалната заштита преку МТСП и Центар за социјална работа**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | **Во тек е проектот за Отварање на канцеларија во Даме Груев за административни права од обласа на социјалната заштита.**<br>**Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров , МТСП и Центар за социјална работа .**<br>**Канцеларијата е целосно опремена и треба да започне со работа . Очекуваме од центарот за социјална работа да пратат луѓе. Поради Ковид 19 одложено е отварањето.** |
| **Трошоци** | **Проектот е финансиоран од МТСП и Светска банка** |

**6. Крводарителска акција во Културниот дом Ѓорче Петров по повод Празникот на Општина Ѓорче Петров во соработка со Црвен крст и уште една крводарителска акција со црвен крст на Република северна Македонија во месец Декември 2020 год.**

| | |
|---|---|
| **Дата 20.јуни Крводарителска акција<br>Во соработка со Црвен крст на Град Скопје.<br><br>18.12.2020 . Крводарителска акција со Црвен крст на РСМ - општинаска организација Карпош.** | **На ден. 20.06.2020 одржана е крводарителска акција во Културниот дом во Општина Ѓорче Петров. Дадоа крв 64 крводарители.<br>Од Општина Ѓорче Петров помош за крводарителската акција се: штампани 150 маици, 60 води и60 сокчиња.<br><br>На ден 18..12.2020 год оджана е крводароителска акција со Црвен крст на РСМ -општинска организација Карпош. Дадоа крв 33 крводарители.<br>Од Општина Ѓорче Петров за оваа акција штампани се 60 маици , 60 води и 60 сокчиња .<br><br>Планирани сретства 40.000 ден** |
| **Трошоци** | **35.756,00 ден** |

**7. Хуманитарни акции во текот на целата година**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста<br><br>-Хуманитарни акции<br><br>-Со црвен крст и волонтери помогнато е на лица во социјален ризик кои сами неможат да си набават лекови и храна** | **За време на Ковид 19 организирана е хуманитарна акција за социјално загрозени лица во соработка со повеќе фирми на територија на Општина Ѓорче Петров .Дадени се 50 пакети со храна и хигиенски сретства на социјално загрозени лица.<br><br>За време на Ковид 19 ангажирани се волонтери за помош на старите лица при набавка на лекови и прехранбени продукти во соработка со Црвен крст . Помогнато е над 100 лица социјално загрозени.** |
| **Трошоци** | **/** |

**8. Советувалишен центар за семејно насилство во Општина Ѓорче Петров Општина Ѓорче Петров во соработка со Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство**
**Буџет на општина Ѓорче Петров 200.000,00 ден.-планирани**
**Трошоци 0**

## V. Рекапитулар за потрошени финансиски срества

**За активностите од областа на социјалната заштита за период од 01.01.2020 до 31.12.2020 година планираните од 3.670.000,00 ден, потрошени се вкупно 2.176.856,00 ден.**

**Планирани: 3.670.000,00 денари .**
**Потрошени: 2.176.856,00 денари.**

| | |
|---|---|
| 1.Еднократен паричен надомест за новороденчиња | 1.135.000,00 |
| 2. Еднократна парична помош, | 955.000,00 |
| 3.Патролна Социјална служба | 0 |
| 4. Еднократна матерјална поддршка во дрва и сл. | 51.100,00 |
| 5.Отварање на канцеларија во Даме Груев за административни права од областа на социјалната заштита преку МТСП и Центар за социјална работа | Проектот е финансиоран од МТСП и Светска банка |
| 6.Крводарителска акција во Културниот дом Ѓорче Петров . | 35.756,00 |
| 7.Хуманитрана акција | 0. |
| 8.Советувалишен центар за семејно насилство планирано 200,000 | Не се потрошени |
| Вкупно планирани финансиски средства | 3.670.000,00 |
| Вкупно потрошени финансиски сретства | 2.176.856,00 |

| | Преглед на релизирани проекти во 2019 год од Програмата за социјална и здравствена заштита Активност/позиција | Еднократна парична помош | Матерјална помош во дрва | Помош за новороденче | Други договорни услуги | Други трансфери | Семинари и конференции | Трансфер до НВО | Вкупно по активност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **А. Превентивна и здравствена заштита** | | | | | | | | |
| | • Хуманирана акција за доделување на пакети со храна и хигиенски сретства<br>• Со црвен крст хуманиратна помош | | | | | | | | 0 |
| 1 | Еднократна парична помош за секое новородено дете во 2020 год | | | 1.135.000,00 | | | | | 1.135.000,00 |
| 2 | Еднократна парична помош | 955.000,00 | | | | | | | 955.000,00 |
| 3 | Патролна социјална служба | | | | 0. | | | | 0 |
| 4. | 2. Еднократна материјална поддршка во дрва или сл. | | 51.100,00 | | | | | | 51.100,00 |
| 5 | Отварање на канцеларија за социјални услуги во МЗ Даме Груев во соработка со МТСП и ЦСР | 0 | | | | | | | 0 |
| 6 | Крводарителска акција | | | | 35.756,00 | | | | 35.756,00 |
| 7 | 5. Советувалишен центар за семејно насилство | | | | | | | | 0 |
| 8 | Вкупно | 955.000,00 | 51.100,00 | 1.135.000,00 | 35.756,00 | | | | 2.176.856,00 |

**Од планираните активости во Програмата за социјална детска и здравствена заштита, релизирани се следните активности; еднократен паричен надомест за новороденче, еднократна парична помош, еднократна материјална поддршка во дрва, крводарителска акција, хуманитарна акција,**
**Активности кои не се реализирани поради ковид 19 се; Патролна социјална служба, отварање на канцеларија во Даме Груев за административни права од обласста на социјалната заштита, Советувалишен центар за семејно насилство.**

**Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2020 година за период од 01.01.-30.12.2020 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до советот на општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализација на програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор за 2020 година**

**Се објавува Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за реализација на програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор за 2020 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и втората седница, одржана на ден 12.03.2021 година.**

**Број 09-624/5**
**од 12.03.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 52-та седница одржана на ден 12.03.2021 година ја донесе следната**

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата за активностите одобласта на културата и подршката на невладиниот сектор во општина Ѓорче Петров за 2020 година**

**Член 1**

**Советот на општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот Извештај за реализација на програмата за активностите од областа на културата и невладиниот сектор во општина Ѓорче Петров за 2020 година.**

**Извештајот е составен дел од оваа Одлука.**

**Член 2**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-583/7**
**од 12.03.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## За реализација на Програма за активностите на општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор

**Скопје, Март 2021 година**

**I. Вовед**

**Извештајот е изготвен во насока да даде слика за реализација на активностите планирани во Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор и ги вклучува реализираните активности за периодот од 01.01.2020 г. до 31.12.2020 г.**

**Активностите од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор беа насочени кон негување на фолклорот, обичаите, музиката и други културни вредности, организирање културни манифестации и одбележување на значајни историски настани, верски и државни празници. Културните манифестации подразбираат и дружење со граѓаните, но и зближување на граѓаните со работата на општината, како и поттикнување и мотивирање за нивно учество во спортски, образовни, културни и забавни манифестации. Преку разновидната програма за култура овозможуваме како општина пред сè збогатување на културниот живот, ширење на музичката и балетската култура.**

**II.Реализирани активности**

**Во текот на 2020 година, од Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор до 31.12.2020 година се реализирани следните активности:**

**1.Организирање на културни манифестации**

- **Прослава на верскиот празник *Св. Трифун* ( с. Кучково)**
- **Поддршка на манифестацијата *Антево перо***

**2.Поддршка на установи и НВО од областа на културата**

- **Поддршка на програмата на КУД *Григор Прличев***
- **Поддршка на програмата на ЕФЗ *Седум осмини***
- **Поддршка на Меѓународниот Драмски фестивал за лица со и без хендикеп, „*Игри без маска* “-театар без дискриминација**
- **Поддршка на Центарот за изведувачки уметности и едукација *Театар Пи***
- **Поддршка на автори-творци поединци во областа на културата**
- **Поддршка на други НВО и институции од областа на културата и творештвото**
- **Изложба во рамки на проектот *Од напуштена фабрика до студентски град* од страна на *Културно ехо* и *Ситископ-Скопје***

**3. Активности реализирани во Центарот за култура „Ѓорче Петров"**

- **Поетска манифестација *Анте Поповски- Антево перо***
- **Концерт *„Вечер со Клод Болинг"* во рамки на проектот „Од центарот кон периферијата", поддржан од Град Скопје**

- **Детска претстава „Писмо до Дедо Мраз”- здружение за хумано- општествен развој ПРОЕКТ СРЕЌА**
- **Детска претстава *„Волшебникот од Оз “ на* Детското Драмско Студио за деца со помалку можности *Неверленд* , во соработка со здружение за хумано- општествен развој *ПРОЕКТ СРЕЌА***

**III Рекапитулар на потрошени финансиски средства**

**За реализација на напред наведените активности од Програмата за култура и поддршка на невладиниот сектор за 2020 година за период од 01.01.-31.12.2020 година, во текстот подолу даден е детален преглед за сите потрошени средства и тоа:**

**1. Литературно читање во собата на Анте Поповски**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | *** Поддршка за одржување на Меѓународната поетско-културна манифестација „Анте Поповски-Антево перо” и доделување на наградата Антево слово во чест на истакнатиот поет, писател и академик Анте Поповски. Во текот на оваа манифестација се читаат песни од наградените, се емитува видео материјал и се доделуваат награди и благодарници од страна на организаторот.** |
| **Главна цел:** | **Да се доближи пишаниот збор до граѓаните, до децата, збогатување на културниот живот, поетско дружење.** |
| **Време на реализација:** | **Континуирано** |
| **Носител на активноста:** | **Општина Ѓорче Петров** |
| **Резултати:** | **Побогат културен живот, средби со македонски поети** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **Храна и пијалоци 20.000** |
| ***Потрошени* финансиски средства** | **/** <br> ***Активноста е реализирана, но не се потрошени финансиски средства** |

**2. Празник на општина**

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста: | -Одбележување на Денот на општината со Свечена седница; доделување награди и признанија и културна програма.На 20 септември, беше организирана богата културно-спортска програма, крос, крводарителска акција и турнири како дел од низата манифестации по повод Денот на општината.На свечената седница на Советот на Општината беше доделена Годишна награда „Ѓорче Петров" која се доделува за посебен придонес за афирмација на општината. Беа доделени признанија и награди на поединци и фирми кои дале придонес за развојот и афирмацијата на општината преку нивните остварувања во стопанството, науката и уметноста, културата и спортот, воспитанието,образованието и за унапредување на животната средина и природата.Изборот го врши Комисијата за награди и признанија, во согласност со Правилникот за награди и признанија по претходно објавен оглас.<br>*Општината се потруди да обезбеди еднаква застапеност на мажите и жените во сите активности |
| Главна цел: | Целта е одбележување на Празникот на општината, зближување на граѓаните со работата на општината преку спортските и културните манифестации, како<br>и поттикнување и мотивирање за учество во спортски, образовни, културни и забавни манифестации. |
| Време на реализација | 20 септември |
| Носител на активноста | Општина Ѓорче Петров/Комисија за награди и признанија |
| Резултати: | Промоција на Општина Ѓорче Петров<br>Поделени награди и признанија за посебен придонес за афирмација на општината.Активно вклучување на граѓаните, учениците и вработените во прославувањето преку учество во културните и спортските настани.<br>* Подеднаква застапеност на мажите и жените од општината |
| Предвидени финансиски средства | Транспорт на луѓе 40.000<br>Услуги за печатење и копирање 60.000<br>Други договорни услуги 600.000<br>Други оперативни расходи 40.000<br>Вкупно 740.000 |
| *Потрошени* финансиски средства | / |

**3.Финансиски средства за поддршка на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата во согласност со Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Македонија**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Општината овозможува логистичка и финансиска поддршка на активностите на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата на територијата на Општина Ѓорче Петров, а во согласност со Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Македонија** |
| **Главна цел:** | **Соработка, промовирање и поддршка на активностите на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани во областа на културата.** |
| **Време на реализација:** | **Тековно** |
| **Носител на активноста:** | **Општина Ѓорче Петров/Одделение за Јавни дејности** |
| **Резултати:** | **Заемна доверба, соработка,партнерство, независност, учество, транспарентност, одговорност, еднакви можности и недискриминација.** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **Други трансфери за физички лица и уметници 126.000** |
| ***Потрошени* финансиски средства** | ***34.000*** |
| **Вкупно останати финансиски средства** | **92.000** |

**4.Поддршка на установи и НВО од областа на културата**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Општината логистички и финансиски ги поддржува програмите на културно-уметничките друштва на територијата на Општина Ѓорче Петров кои достојно и на високо професионално ниво ја претставуваат општината, го афирмираат македонскиот фолклор и традиција;логистичка и финансиска поддршка за издавање и на книги од жени автори, компонирање на музички дела од интерес на општината, поддршка на изложби на поединци.** |

| | |
|---|---|
| | ***Оваа активност се однесува и на партиципација на Општина Ѓорче Петров во проекти од областа на културата или за кои Општина Ѓорче Петров има потпишано меморандуми за соработка.<br>*Активноста подразбира добивање на логистичка, техничка и финансиска подршка на проектите за кои општината е согласна дека ќе се реализираат во соработка со владини или невладини организации.** |
| **Главна цел:** | **Традиционално да се негуваат културните и историските традиции, фолклорот и етнологијата на населението од општината и пошироко, како и промовирање на македонскиот фолклор и традиција<br>*Поддршка и поттикнување на авторки –творци поединци во областа на културата, негување на традицијата и културните вредности.<br>*Целта на овие активности е издигнување на културната свест на граѓаните, но и да се даде поттик и шанса особено преку финансиска поддршка на младите уметници, талентираните граѓани, културните работници активно да се вклучат во културните настани за создавање на одговорно општество.<br>Исто така целта на општината е и успешна реализација на проектите и нивно следење и вреднување, како и поддршка на уметници и поттикнување на граѓаните помасовно да се вклучат во културни манифестации, подигнување на свеста на граѓаните за културните вредности.** |
| **Време на реализација:** | **Тековно** |
| **Носител на активноста:** | **Општина Ѓорче Петров/Одделение за Јавни дејности** |
| **Резултати:** | ***Афирмирање и промовирање на македонскиот фолклор и традиција *Стимулирање на млади автори- творци од сите области на културата и промовирање на културните вредности.<br>*Ефективна и ефикасна реализација на проектите, одржлив развој на проектите и зацврстување на соработката на општината со невладиниот сектор<br>*Афирмација на уметници, издигнување на културната свест кај граѓаните и информираност за културните настани.<br>*Активно и помасовно вклучување на граѓаните во културните настани како и поттик и поддршка на уметници во Општината.** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **Трансфер до здруженија 60.000,00 ден** |
| ***Потрошени* финансиски средства** | **Трансфер до здруженија *20.000,00 ден.*** |
| **Вкупно останати финансиски средства** | **40.000,00 ден.** |

**5. Детски фестивал „Соната"**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **На овој оригинален детски фестивал учествуваат млади автори на музика и текст од основните училишта од Општина Ѓорче Петров и секоја година настапуваат со нови композиции.** |
| **Главна цел:** | **Негување на културните вредности, поттик за активно учество на учениците на фестивалот и промовирање на музиката и културата меѓу најмладите.** |
| **Време на реализација:** | **Септември** |
| **Носител на активноста:** | **Општина Ѓорче Петров/Одделение за Јавни дејности** |
| **Резултати:** | **Активно учество на младите во областа на културата и истакнување на талентот кај најмладите** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **Други договорни услуги 60.000**<br>**Други оперативни расходи 10.000**<br>**Вкупно 70.000** |
| ***Потрошени* финансиски средства** | **Други договорни услуги *46.947*** |
| **Вкупно останати финансиски средства** | **Вкупно 23.053** |

**6 .Божиќна претстава за деца**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Македонски актери ги забавуваат најмладите со новогодишна претстава која ќе ги понесе во светот на бајките.** |
| **Главна цел:** | **Целта на оваа активност е поттикнување на интерес и љубов на децата кон театарот, уметноста, културата.** |
| **Време на реализација** | **јануари** |
| **Носител на активноста** | **Општина Ѓорче Петров** |
| **Резултати:** | ***Збогатување на културниот живот на најмалите во Општината**<br>***Задоволни и среќни дечиња** |

| | |
|---|---|
| **Предвидени финансиски средства:** | **Транспорт на луѓе 30.000**<br>**Други договорни услуги 30.000**<br>**Вкупно 60.000** |
| ***Потрошени*** **финансиски средства** | **Транспорт на луѓе** ***7.400***<br>**Други договорни услуги** ***33.447***<br>**Вкупно** ***40.847*** |
| **Вкупно останати финансиски средства** | **Вкупно 19.153** |

**7 . Културно-забавни активности за граѓани-пензионери**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Општината логистички и финансиски ги поддржува активностите на граѓани-пензионери од областа на културата.** |
| **Главна цел:** | **Целта на оваа активност е поттикнување на активностите од областа на културата.** |
| **Време на реализација** | **тековно** |
| **Носител на активноста** | **Општина Ѓорче Петров** |
| **Резултати:** | **Збогатување на културниот живот на граѓани-пензионери од општината** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **Други трансфери за физички лица и уметници 500.000** |
| ***Потрошени*** **финансиски средства** | **/** |

**8. Поддршка на програмата на КУД Григор Прличев**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Општината логистички и финансиски ја поддржува програмата на ова културно-уметничко друштво кое егзистира на територијата на Општина Ѓорче Петров повеќе од 70 години и кое достојно и на високо професионално ниво ја претставува општината, но и го претставуваат и афирмираат македонскиот фолклор и традиција.** |

| | |
|---|---|
| **Главна цел:** | **Традиционално да се негуваат културните и историските традиции, фолклорот и етнологијата на населението од општината и пошироко, како и промовирање на македонскиот фолклор и традиција.** |
| **Време на реализација:** | **тековно** |
| **Носител на активноста:** | **Општина Ѓорче Петров/Одделение за Јавни дејности** |
| **Резултати:** | **Афирмирање и промовирање на македонскиот фолклор и традиција** |
| **Предвидени финансиски средства:** | **Трансфер до здруженија 105.000** |
| ***Потрошени* финанансиски средства** | ***45.000*** |
| **Вкупно останати финансиски средства** | **60.000** |

***Активностите не се реализирани поради неможноста за организирање на јавни настани и собири во периодот на пандемијата со Ковид 19 која се уште трае**
*** Реализирани активности надвор од програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2020 година:**

**-Изложба во рамки на проектот „Од напуштена фабрика до студентски град" од страна на *Културно ехо* и *Ситископ-Скопје***

**-Концерт „Вечер со Клод Болинг" во рамки на проектот „Од центарот кон периферијата", поддржан од Град Скопје**

**-Детска претстава „Волшебникот од Оз " на Детското Драмско Студио за деца со помалку можности *Неверленд* , во соработка со здружение за хумано- општествен развој ПРОЕКТ СРЕЌА ----Концерт на класична музика за деца „Класика за деца" во соработка со Здружението „Пламенка Трајковска "– МКС Скопје**

**За реализација на програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2020 година (за период од 01. 01. - 31. 12. 2020 година) по сите позиции:**

**Вкупно планирани средства: 1.681.000,00 ден.**

**Потрошени средства : 186.794,00 ден.**

**Вкупно останати финансиски средства: 1.494.206,00 ден.**

## РЕКАПИТУЛАР

| Рекапитулар на Програмата за култура Активност/позиција | Транспорт на луѓе | Прехранбени продукти и пијалоци | Услуги за печатење, копирање и издавање | Други договорни услуги | Други оперативни расходи | Други трансфери за физички лица и уметници | Трансфер до здруженија | Вкупно по активност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Литературно читање (Антево перо) | | | | | | | | 0 |
| Празник на Општина Ѓорче Петров | | | | | | | | 0 |
| Финансиски средства за поддршка на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата во согласност со Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Македонија | | | | | | 34.000 | | 34.000 |
| Поддршка на установи и НВО од областа на културата | | | | | | | 20.000 | 20.000 |
| Детски фестивал „Соната" | | | | 46.947 | | | | 46.947 |
| Божиќна претстава за деца | 7.400 | | | 33.447 | | | | 40.847 |
| Културно-забавни активности за граѓани-пензионери | | | | | | | | 0 |
| Поддршка на програмата на КУД „ Григор Прличев” | | | | | | | 45.000 | 45.000 |
| Вкупно потрошени по позиции | 7.400 | 0 | 0 | 80.394 | 0 | 34.000 | 65.000 | 186.794 |
| Вкупно планирани средства | 70.000 | 20.000 | 60.000 | 690.000 | 50.000 | 626.000 | 165.000 | 1.681.000 |
| Вкупно останати финансиски средства | 62.600 | 20.000 | 60.000 | 609.606 | 50.000 | 592.000 | 100.000 | 1.494.206 |

**Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор за 2020 година за период од 01.01.-31.12.2020 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до советот на општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализација на програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2020 година**

**Се објавува Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за реализација на програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2020 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и втората седница, одржана на ден 12.03.2021 година.**

**Број 09-624/6**
**од 12.03.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 52-та седница одржана на ден 12.03.2021 година ја донесе следната**

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата за активностите од областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор во општина Ѓорче Петров за 2020 година**

**Член 1**

**Советот на општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот Извештај за реализација на програмата за активностите од областа на спортот, рекреацијата и невладиниот сектор во општина Ѓорче Петров за 2020 година.**

**Извештајот е составен дел од оваа Одлука.**

**Член 2**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-583/8**
**од 12.03.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## За реализација на Програма за активностите на општина Ѓорче Петров од областа на спортот и поддршка на невладиниот сектор за 2020 година

**Скопје, Март 2021 година**

## I. ВОВЕД

**Извештајот е изготвен во насока да даде слика за реализација на активностите планирани во Програмата од областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладинот сектор на Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2020 до 31.12.2020 година.**

**Извештајот ги вклучува реализираните активностите, времето на реализација, целите и резултатите на активноста и реализираните финансиски средства сумативно и поединечно за секоја активност планирана во програмата.**

**Активностите од областа на спортот на Општина Ѓорче Петров беа насочени кон подобрување на квалитетот на спортот и омасовување на спортот**
**За реализирање на активностите од Програмата од областа на спортот за 2020 година, Општина Ѓорче Петров ги превзема сите потребни активности и ги стави на располагање своите технички и човечки ресурси.**

**Во текот на 2020 година во период од 01.01.2020 до 31.12.2020, согласно програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на спортот и поддршка на невладиниот сектор се реализирани следните активности:**

**1.Традиционални спортски активности и манифестации**

- **Поддршка на училишниот спорт**

**2.Поддршка на установи и НВО од областа на спортот,спортисти и спортски клубови,програми и проекти на останати спортски организации од интерес на општина Ѓорче Петров**

- **Поддршка на спортски клубови**

  **- Поддршка на Ракометен Клуб Ѓорче Петров ЖРК**

  **- Поддршка на Карате Клуб Ѓорче Петров**

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

**Во период од 01.01.2020 до 31.12.2020 реализирани се следниве активностите од Програмата од областа на спортот за 2020 година:**
**-Дел од програмата на ОСУС Ѓорче Петров, односно активностите според календарот на училишни натпревари.**

1. Општински сојуз на училишен спорт

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста: | * Општина Ѓорче Петров материјално и финансиски ќе го поддржува училишниот спорт на основните училишта во општина Ѓорче Петров: Лига систем и турнир систем натпревари во определените колективни и индивидуални спортови во машка и женска конкуренција за регионалниот и националниот систем на натпревари на училишниот спорт во Македонија, преку Сојузот *на* училишен спорт Ѓорче Петров. *Доставен комплетен финансов план, годишна програма и календар на натпревари. |
| Главна цел: | Афирмација и запознавање со екипниот спорт на школската популација, дружење преку спортот. |
| Време на реализација: | Континуирано |
| Носител на активноста: | Општина Ѓорче Петров |
| Резултати: | Спортска социјализација и запознавање со колективните спортови. |
| Предвидени финансиски средства: | -Хонорари, тековни работи( фотографирање, награди и сл.) и трошоци за стручните лица 191.332 ден<br>- Услуги за печатење, принтање и копирање 54.162 ден |
| Потрошени финансиски средства | 245.494 ден |

2. Отворени забавни фудбалски школи

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста: | * Забавна спортска рекреација за деца, активност која се реализира преку целата учебната година, на Различни локации , преку Отворените забавни фудбалски школи (Open Fun Football School), со конкретниве обврски на Отворените Забавни Фудбалски Школи |
| Главна цел: | Забава и дружење преку спортот и играта |
| Време на реализација: | Континуирано |
| Носител на активноста: | Општина Ѓорче Петров |
| Резултати: | / |
| Предвидени финансиски средства: | 189.000 |
| Потрошени финансиски средства | /<br>До овој период не се потрошени финансиски средства за оваа активност. |

3. Поддршка и помагање на професионални и аматерски клубови.

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста: | * Општина Ѓорче Петров финансиски ќе ги поддржува спортските клубови – на територија на општина Ѓорче Петров, кои покажуваат значанен придонес во развој на спортот и спортската рекреација како и афирмација на општината. |
| Главна цел: | Помагање во финансирањето и финансиска помош за учество во лигите и натпреварите, помош за купување на опрема и тековни трошоци. |
| Време на реализација: | Континуирано |
| Носител на активноста: | Општина Ѓорче Петров |
| Резултати: | Континуирано учевство и афирмација на општината преку спортот. |
| Предвидени финансиски средства: | 5.100.000 ден |
| Потрошени финансиски средства | *40.000 ден, еднократна парична помош за ЖРК Ѓорче Петров.<br>* 40.000 ден еднократна парична помош за КК Ѓорче Петров,<br>вкупно 80.000 ден |

4. Поддршка на спортисти од територијата на Ѓорче Петров.

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста: | * Општина Ѓорче Петров финансиски ќе ги поддржува спортистите– на територија на Општина Ѓорче Петров, кои покажуваат значанен придонес во развој на спортот и спортската рекреација како и афирмација на општината |
| Главна цел: | Помагање во финансирањето и финансиска помош за учество во лигите и натпреварите, помош за купување на опрема и тековни трошоци. |
| Време на реализација: | Континуирано |
| Носител на активноста: | Општина Ѓорче Петров |
| Резултати: | Континуирано учевство и афирмација на општината преку спортот. |
| Предвидени финансиски средства: | 300.000 ден |
| Потрошени финансиски средства | 69.000 ден. |

5. Ден на општината Ѓорче Петров.

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста: | * -.  ,, Традиционален крос " –Активност која ќе се реализира по повод Празникот на општината. Реализацијата на активноста ке се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со основните училишта<br>-,, Шаховска табла"-турнир во шах - Активност која ќе се реализира по повод Празникот на општината. Реализацијата на активноста ке се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со месните заедници.<br><br>-,, ИГРА НА ХЕРОИ"-турнир во мал фудбал - Активност која ќе се реализира по повод Празникот на општината. Реализацијата на активноста ке се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со институциите од јавен карактер кои се наоѓаат во Општината Ѓорче Петров |
| Главна цел: | Помагање во финансирањето и финансиска помош за учество во лигите и натпреварите, помош за купување на опрема и тековни трошоци. |
| Време на реализација: | Континуирано |
| Носител на активноста: | Општина Ѓорче Петров |
| Резултати: | Континуирано учевство и афирмација на општината преку спортот. |
| Предвидени финансиски средства: | 10.000 ден |
| Потрошени финансиски средства | / |

## II. РЕКАПИТУЛАР ЗА ПОТРОШЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**За активностите од областа на на спортот, рекреацијата и поддршката на невладинот сектор за период од 01.01.2020 до 31.12.2020 година потрошени се вкупно 448.656,00 денари.**

| | Рекапитулар Програма за спорт Активност/позиција | Транспорт на луѓе (ученици, наставници) | Прехрамбени продукти и пијалоци | Услуги за печатење, копирање и издавање | Други оперативни расходи | Трансвери до физички лица | Трансфердо спортски клубови | Трансфер до НВО | ПЛАНИРАНО | ПОТРОШЕНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Општински сојуз на училишен спорт | | | 54.162 | 0 | | | 191.332 | 191.332 | 245.494 |
| 3 | Отворени забавни фудбалски школи | | | 0 | | | | 189.000 | 189.000 | 0 |
| 4 | Поддршка и помагање на професионални и аматерски клубови | | | | | | 5.100.000 | | 5.100.000 | 80.000 |
| 5 | Поддршка на спортисти од територијата на Ѓорче Петров | | | | | 300.000 | | | 300.000 | 69.000 |
| 6 | Ден на општината | | | | 10.000 | | | | 10.000 | 0 |
| | Вкупно по позиција | | | | | | | | 5.790.332 | 448.656 |

**Извештајот за реализација на Програмата од областа на на спортот, рекреацијата и поддршката на невладинот сектор на општина Ѓорче Петров за 2020 година за период од 01.01.2020 до 31.12.2020, градоначалникот како предлагач на истиот го доставува до советот на општина Ѓорче Петеров на разгледување и усвојување.**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализација на програмата од областа на предучилишното образование и воспитание на општина Ѓорче Петров за 2020 година**

**Се објавува Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за реализација на програмата од областа на предучилишното образование и воспитание на општина Ѓорче Петров за 2020 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и втората седница, одржана на ден 12.03.2021 година.**

**Број 09-624/7**
**од 12.03.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 52-та седница одржана на ден 12.03.2021 година ја донесе следната**

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата**
**за активностите од областа на предучилишното образование**
**и воспитание на општина Ѓорче Петров за 2020 година**

**Член 1**

**Советот на општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот Извештај за реализација на програмата за активностите од областа на предучилишното образование и воспитание на општина Ѓорче Петров за 2020 година.**

**Извештајот е составен дел од оваа Одлука.**

**Член 2**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-583/9**
**од 12.03.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за реализација на Програмата од областа на предучилишното образование и воспитание на општина Ѓорче Петров за 2020година

**Скопје, Март 2021 година**

## I. ВОВЕД

Извештајот е изготвен во насока да даде слика за реализација на активностите планирани во Програмата од областа на предучилишнот образование и воспитание на Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2020 до 31.12.2020 година.

Извештајот ги вклучува реализираните активностите, времето на реализација, целите и резултатите на активноста и реализираните финансиски средства сумативно и поединечно за секоја активност планирана во програмата.

Активностите од областа на на предучилишнот образование и воспитание на Општина Ѓорче Петров беа насочени кон подобрување на квалитетот на згрижувањето и воспитувањето на децата и условите за работа во градинката.

За реализирање на активностите од Програмата од областа на предучилишнот образование и воспитание за 2020 година, Општина Ѓорче Петров ги превзема сите потребни активности и ги стави на располагање своите технички и човечки ресурси.

## II. РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Со реализираните активности од Програмата на Општината Ѓорче Петров од областа на предучилишнот образование и воспитание се одржа квалитетот за згрижување, воспитание и образование на децата како и условите за работа во детската градинка преку креирање на стимулативна средина за ран детски развој.

Во услови на прекин на воспитно–згрижувачкиот процес во текот на 2020 година поради ширење на вирусот COVID–19 (коронавирус), а согласно одлуките на Владата и препораките на МТСП, градинките на територијата на Општина Ѓорче Петров беа затворени од 11.03.2020 до 08.09.2020.

На 9-ти септрмври се отворија сите објекти на градинката Росица и згрижувањето на децата се одвива согласно утврдените протоколи од страна на Владата и Министерството за труд и социјална политика.

## III. ОПИС РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во период од 01.01.2020 до 31.12.2020 реализирани се следниве активностите од Програмата од предучилишнот образование и воспитание за 2020 година:

**ОПИС НА ПРОЕКТИТЕ И АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ОД ОБЛАСТА НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ ЗА 2020 ГОДИНА**

| бр. | Име на Програма /активност | Спроведувач/ Носител (сектор/одделение) Проектен тим (меѓусекторски) | Извор на финансирање (буџет ОЃП/ програми на Влада /Донатор) | Временска рамка | Планирани финансиски средства од Буџетот | Реализирани финансиски средства од Буџетот |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Превенција и заштита од Covid 19 (Средства за хигиена и дезинфекција) | Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | тековно | 120.000 | 0.00 |
| 2. | Подршка и партиципација на проекти од областа на предучилишното образование и воспитание (мојата татковина, екологија, безбедност во сообраќај, инклузија на деца со посебни потреби, родова еднаквост и сл) | Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | тековно | 120.000 | 0.00 |
| 3. | Поддршка на деца во социјален ризик | Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | тековно | 50.000 | 0.00 |
| 4. | Вработување на воспитно-згрижувачкиот кадар во градинката | Одделение за јавни дејности Одделение за човечки ресурси | Буџет на Општина Ѓорче Петров | јануари декември | 920.000 | 835.353 |
| | Вкупно | | | | | 835.353 |

## IV. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

**Со реализираните активности од Програмата на Општината Ѓорче Петров од областа на предучилишнот образование и воспитание, во услови на светска пандемија од COVID–19 (коронавирус)се даде поддршка на воспитно-згрижувачката дејност за обезбедување услови за повторно отварање на градинките соглассно утврдените протоколи за работа.**

## V. МОНИТОРИНГ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ

**Процесот на мониторингот на Програмата од предучилишнот образование и воспитание на Општина Ѓорче Петров за 2020 е континуиран и се состои од собирање и анализирање на податоци и повратни информации за постигнувањата и напредокот на програмата. Мониторингот го врши Одделението за јавни дејности преку следење на активностите, нивната ефикасност, постигнатите резултати, употребените ресурси и потрошените финансиски средства.**

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ПРЕДУЧИЛИШНОТ ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ

**Реализираните активности од областа на предучилишнот образование и воспитание утврдени со оваа програма се финансирани од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2020 година.**

**За активностите од областа на предучилишнот образование и воспитание според програмата планирани се 1.210.000,00 денари, а реализирани до 31 декември се 835.353,00 денари.**

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Рекапитулар за измени и дополнувања на Програма од областа на предучилишнот образование и воспитание на Општина Ѓорче Петров за 2020 година** | | | | | | | | | | | | | |
| | **Активност/позиција** | **Транспорт на луѓе (ученици,** | **Превозни услуги во образованието** | **Прехрамбени продукти и пијалоци** | **Наставно образовни помагала** | **Други матерјали** | **Услуги за печатење, копирање и издавање** | **Други договорни услуги** | **Други оперативни расходи** | **Други трансфери** | **Средства за хигиена** | **Дезинфекција, дезинсекција и дератизација** | **Трансфер до НВО** | **Вкупно по активност** |
| 1 | **Превенција и заштита од Covid 19 (Средства за хигиена и дезинфекција)** | | | | | | | | | | | | | **0,00** |
| 2 | **Подршка и партиципација на проекти од областа на предучилишното образование и воспитание (мојата татковина, екологија, безбедност во сообраќај, инклузија на деца со посебни потреби, родова еднаквост и сл)** | | | | | | | | | | | | | **0,00** |
| 3 | **Поддршка на деца во социјален ризик** | | | | | | | | | | | | | **0,00** |
| 4 | **Вработување на воспитно-згрижувачкиот кадар во градинката** | | | | | | | **835.353** | | | | | | **835.353,00** |
| | **Вкупно** | | | | | | | **835.353** | | | | **0** | | **835.353,00** |

Извештајот за реализација на Програмата од областа на предучилишното образование и воспитание на општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2020 до 31.12.2020 година, Градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до советот на општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализација на програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на образованието за 2020 година**

**Се објавува Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за реализација програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на образованието за 2020 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и втората седница, одржана на ден 12.03.2021 година.**

**Број 09-624/8**
**од 12.03.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 52-та седница одржана на ден 12.03.2021 година ја донесе следната**

## О Д Л У К А
## за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата за активностите од областа на образованието во општина Ѓорче Петров за 2020 година

**Член 1**

**Советот на општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот Извештај за реализација на програмата за активностите од областа на образованието во општина Ѓорче Петров за 2020 година.**

**Извештајот е составен дел од оваа Одлука.**

**Член 2**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-583/10**
**од 12.03.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
**за реализација на Програмата од областа на образованието на општина Ѓорче Петров за 2020 година**

**Скопје, Март 2020 година**

## I. ВОВЕД

ВОВЕД

**Извештајот е изготвен во насока да даде слика за реализација на активностите планирани во Програмата од областа на образованието на Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2020 до 31.12.2020 година.**

**Извештајот ги вклучува реализираните активностите, времето на реализација, целите и резултатите на активноста и реализираните финансиски средства сумативно и поединечно за секоја активност планирана во програмата.**

**Активностите од областа на образованието на Општина Ѓорче Петров беа насочени кон подобрување на квалитетот на образованието и условите за работа во основните училиштата.**

**За реализирање на активностите од Програмата од областа на образованието за 2020 година, Општина Ѓорче Петров ги превзема сите потребни активности и ги стави на располагање своите технички и човечки ресурси.**

## II. РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

**Со реализираните активности од Програмата на Општината Ѓорче Петров од областа на основното образованието се одржа квалитетот и условите за работа во основните училиштата, се креираа образовни политики согласно локалните потреби за развој на образовниот процес.**

**Во услови на прекин на воспитно–образовниот процес во текот на учебната 2019/2020 поради ширење на вирусот COVID–19 (коронавирус), а согласно препораките на МОН и БРО, основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров организира неформална електронска едукација која беше достапна за сите учениците. Основните училшта подготвија електорнски материјали за УЧЕЊЕ ОД ДОМА и ги објавија на своите веб страни. Учениците во сите основни училишта имаа континуирано учење за време на кризата со вирусот и успешно ја завршија учебната 2019/2020.**

**Почетокот на учебната 2020/2021 започна на 1-ви октомври, еден месец подоцна по строго утврдени протоколи и скратени наставни програми. Во основните училишта во Општината Ѓорче Петров се обезбедија услови за настава со физичко присуство за учениците од I до III одделение. и настава надалечина. Наставата од IV до IX се одвива на далечина ( on-line), за што е обезбеден сигурен интернет пристап до сите училишта. Учениците успешно го завршија првото полугодие од учебната 2020/2021 година.**

## III. ОПИС РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

**Во период од 01.01.2020 до 30.09.2020 реализирани се следниве активностите од Програмата од областа на образованието за 2020 година:**

| ОПИС НА РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИТЕ И АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ОД ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ (01.01.2020 до 31.12.2020) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| бр. | Име на Програма /активност | Спроведувач/ Носител (сектор/одделение) Проектен тим (меѓусекторски) | Извор на финансирање (буџет ОЃП/ програми на Влада /Донатор) | Временска рамка | Планирани финансиски средства од Буџетот | Реализирани финансиски средства од Буџетот |
| 1. | Упис на првачиња во основните училишта во Општина Ѓорче Петров | Одделение за јавни дејности Комисија за доделување на финансиски средства | Буџет на Општина Ѓорче Петров | септември | 60.000,00 | 0,00 |
| | Забелешка: Активноста е реализирана. Финансиските средства не се реализирани. | | | | | |
| 2. | Поддршка на учениците и наставниците за организација на училишни и општински натпревари и учество на регионални, државни и меѓународни натпревари, согласно Правилникот за условите и начинот за доделување на финансиски средства за поддршка на жителите на Општина Ѓорче Петров од областа на јавни дејности-образование | Одделение за јавни дејности Комисија за доделување на финансиски средства | Буџет на Општина Ѓорче Петров | тековно | 100.000,00 | 0,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Награди и признанија на талентирани и надарени ученици и наставници од основните училишта за денот на општината, согласно Правилникот за доделување награди, дипломи и пофалници на учениците и просветните работници во Општина Ѓорче Петров | Одделение за јавни дејности<br>Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца | Буџет на Општина Ѓорче Петров | мај-септември | 80,000,00 | 37.000,00 |
| 4. | Прослава на патронати и други манифестации на општинските основни училишта | Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | тековно | 35.000,00 | 14.493,00 |
| 5. | "Здрава храна за здрави деца" - Бесплатна ужинка на учениците во I одделение во основните училишта | Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | Февруари ,март | 900.000,00 | 299.397,00 |
| 6. | Бесплатен излет на учениците во одделенска настава во основните училишта(Јоаким Крчоски)<br>Забелешка: Активноста не е реализирана поради состојбата со корона вирусот. | Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | мај | 250.000,00 | 0,00 |
| 7. | Вработување на наставен и ненаставен кадар во основните училишта<br>Забелешка: Оваа година немаше потреба од дополнителен наставен кадар. | Одделение за јавни дејности<br>Одделение за човечки ресурси | Буџет на Општина Ѓорче Петров | наставна година | 220.000,00 | 0,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. | Финансиска поддршка за Проектот „Општо корисна Работа" финансиран од МТСП и УНДП.<br>Ангажирање на 13 образовни и лични асистенти на децата со посебни потреби во основните училишта. | Одделение за јавни дејности<br>Одделение за човечки ресурси | Буџет на Општина Ѓорче Петров | Јануари-јуни | 195.000,00 | 102.600,00 |
| 9. | Посета на кино претстава,театарска претстава, посета на музеј за учениците од општинските основните училишта | Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | наставна година | 60.000,00 | 0,00 |
| | Забелешка: Активноста не е реализирана поради состојбата со корона вирусот | | | | | |
| 0. | Новогодишни пакетчиња за учениците од прво одд. во основните училишта (2019) | Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | декември | 80.000,00 | 19.676,00 |
| 11. | Превенција и заштита од Covid 19 (Средства за хигиена и дезинфекција) | Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | наставна година | 760.000,00 | 0,00 |
| | Забелешка: Средства за хигиена и дезинфекцијасе реализирани од блок дотаијата за училиштата | | | | | |
| 2. | Локална стратегија за мултиетничка интеграција во образованието | Одделение за јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | наставна година | 40.000,00 | 0,00 |
| | Забелешка: Активноста е во тек на реализација. | | | | | |
| 3. | Вкупно | | | | | 473.166,00 |

## IV. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

**Со реализираните активности од Програмата на Општината Ѓорче Петров од областа на основното образование се одржа континуитетот на образовниот процес во услови на светска пандемија од COVID–19 (коронавирус).**
**Постигнати резултати од Програмата од областа на основното образование се:**
**-Обезбедени еднакви образовни можности и образование за сите деца, ученици и ученички во Општината Ѓорче Петов, преку електронска едукација достапна за сите учениците преки веб страните на училиштата.**
**- Обезбедени услови за настава со физичко присуство за учениците од I до III одделение и можност за следење на наставата на далечина ( on-line).**
**-Обезбеден сигурен интернет пристап до сите општински основни училишта.**
**- Обезбедени услови за настава на далечина ( on-line) учениците од IV до IX одделение.**
**-Мотивирани учениците и ученичките и учество на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари;**
**-Подигнато ниво на свесност кај децата за толеранција и соживот и мултикултуралност, родова еднаквост, екологија, безбедност во сообраќајот, и сл;**
**-Стекнати нови искуства и добри практики во делот на образованието;**

## V. МОНИТОРИНГ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ

**Процесот на мониторингот на Програмата од областа на основното образование на Општина Ѓорче Петров за 2020 е континуиран и ќе се состои од собирање и анализирање на податоци и повратни информации за постигнувањата и напредокот на програмата. Мониторингот го врши Одделението за јавни дејности преку следење на активностите, нивната ефикасност, постигнатите резултати, употребените ресурси и потрошените финансиски средства.**

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Реализираните активности од областа на основното образование утврдени со оваа програма се финансирани од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2020 година.**

**За активностите од областа на образованието според програмата планирани се вкупно 2.780.000,00 денари. До 31 декември 2020 година се реализирани 473.166,00 денари.**

| | Рекапитулар за годичен Извештај за Програма од областа на образованието на Општина Ѓорче Петров за период од 1 јануари до 31 јануари 2020 година | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Активност/позиција | Транспорт на луѓе (ученици, наставници) | Превозни услуги во образованието | Прехрамбени продукти и пијалоци | Наставно образовни помагала | Училишни матерјали | Други матерјали | Услуги за печатење, копирање и издавање | Други договорни услуги | Други оперативни расходи | Други трансфери | Средства за хигиена | Дезинфекција, дезинсекција и дератизацуја | Трансфер до НВО | Вкупно по активност |
| 2 | Награди и признанија на талентирани и надарени ученици и наставници од основните училишта за денот на општината, согласно Правилникот за доделување награди, дипломи и пофалници на учениците и просветните работници во општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров | | | | | | | | | 37.000 | | | | | 37.000 |
| 2 | Прослава на патронати и други манифестации на општинските основни училишта | | | 14.493 | | | | | | | | | | | 14.493 |
| 3 | "Здрава храна за здрави деца" - Бесплатна ужинка на учениците во I одделение во основните училишта | | | | | | | | | | 299.397 | | | | 299.397 |
| 4 | Финансиска поддршка за Проектот „Општо корисна Работа„ финансиран од МТСП и УНДП.Ангажирање на 13 образовни и лични асистенти на децата со посебни потреби во основните училишта. | | | | | | | | | | 102.600 | | | | 102.600 |
| 5 | Новогодишни пакетчиња за учениците од прво одд. во основните училишта (за 2019) | | | 2.370 | | | | | | 17.306 | | | | | 19.676 |
| | Вкупно | 0 | 0 | 16.863 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 54.306 | 401.997 | 0 | 0 | 0 | 473.166 |

Извештајот за реализација на Програмата од областа на образованието на општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2020 до 31.12.2020 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до советот на општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.

ГРАДОНАЧАЛНИК

Александар Наумоски с.р.

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1  точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај**
**за реализација на програмата за еднакви можности**
**на жените и мажите за 2020 година**

**Се објавува Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за реализација на програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2020 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и втората седница, одржана на ден 12.03.2021 година.**

**Број 09-624/9**
**од  12.03.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 52-та седница одржана на ден 12.03.2021 година ја донесе следната**

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата за еднакви можностина жените и мажите во општина Ѓорче Петров за 2020 година**

**Член 1**

**Советот на општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот Извештај за реализација на програмата за еднакви можности во општина Ѓорче Петров за 2020 година.**

**Извештајот е составен дел од оваа Одлука.**

**Член 2**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-583/11**
**од 12.03.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ГОДИШЕН И З В Е Ш Т А Ј
## За реализација на Програма  на општина Ѓорче Петров  во областа на еднаквите  можности на жените и мажите  за 2020 година

**Скопје, Март  2021 година**

**1. ВОВЕД**

**Извештајот за активностите на комисијата за еднакви можности е изготвен во насока да даде целосна слика за активностите на Комисијата за еднакви можности за 2020 год .**

**Со овој извештај се опфатени планираните и потрошените сретства кои Комисијта за еднакви можности ги има релизирано во 2020 год.**

## 1.Извештај за состојбата на еднаквите можности во единиците на локалната самоуправа за 2020 год

**Општина Ѓорче Петров во периодот од 2020 год ги оствари следниве резултати во однос на предвидените цели :**

**Во насока на зајакнување на институционалните капацитети за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, зголемени се знаењата и вештините на комисијата за еднакви можности , координаторот и дел од претставниците на општинската администрација за родова еднаквост преку обука за родовите односи од УН Вомен преку проектот за „промовирање на родово одговорно буџетирање„ како и активности по Стретегија на ЗЕЛС за Локална самоуправа и проектот„ Зајакнување на општинските капацитети за политики за родова еднаквост родово одговорно буџетрирање .**

**Остварена е взаемана соработка со ОПСЕ и се работеше на проектот „Зајакнување на општинските совети„ каде беа организирани обуки за советниците.**

**Од УН Вомен се релизираа онлајн обуки за координаторот за еднакви можнпости на тема ; климатските промени како и за Ковид 19.**

**Работилница за интерсекторската група се одржа во хотел „ Солун на тема ; намалување на родовиот јаз создаден за време на кризата со ковид 19.**

**Одржан е виртуелен работен состанок на тематските групи за родова еднаквост и односи меѓу заедниците во Општина Ѓорче Петров од ЗЕЛС (претседател и координатор).**

**Се одржа виртуелен состанок од МТСП на тема Кампања за семејно насилство, ( претседател и координатор).**

**Од ЗЕЛС е организирана работилница за координаторите на тема; Истанбулската конференција - предизвици и можности на локално ниво.**

**За време на Ковид 19 организирана е хуманитарна акција за социјално загрозени лица во соработка со повеќе фирми на територија на Општина Ѓорче Петров, дадени се 50 пакети со храна и хигиенски сретства на социјално загрозени лица.**

**За време на Ковид 19 ангажирани се волонтери за помош на старите лица при набавка на лекови и прехранбени продукти во соработка со Црвен крст. Помогнато е над 100 социјално загрозени лица.**

**Во рамки на проктот „ Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и одговорно управување во Република Северна**

**Македонија,, организирана е работилница за планирање на мерки за намалување на родовиот јаз создаден за време на кризата со Ковид 19 во Општина Ѓорче Петров .**

**Координаторот учествуваше на вебинар Форум за социјален дијалог за прилагодување на локалните социјални услуги за ранливите групи .**

**Потпишан е меморандум за соработка со Црвен крст на Република Северна Македонија .**

## 2.Податоци за предвидени и релизирани сретства поединечно за Комисијата за еднакви можности

**Од планираните 25,000,00 ден. предвидени во Програмата на Општина Ѓорче Петров за 2020 година за потребите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите ова година се потрошени 1.938,00 ден патни трошоци за семенар за претседателот на КЕМ . Направен е ребаланс на буџетот и сретствата се намалени на 50,000 ден.**

**Активности кои беа превземени без финансиска импликација се следните:**

1. **Проект на УН Вомен за родово одговорно будџетирање- работилници и активности на комисијата.**
2. **Активности на ЗЕЛС со локална самоуправа –(Стратегија на Зелс за родова еднаквост) преку работилници .**
3. **Активности со работна група на КЕМ и Комисија за родова еднаквост и обучувач од УН Вомен.**
4. **Активности по Стратегија за родова еднаквост за 2017-2022год за зајакнување на институционалните механизми за родовите прашања во Општина Ѓорче Петров.**

**Вкупно планирано :50.000,00 ден**

**Вкупно потршени : 1.938,00 ден.**

| | Рекапитулар на потрошени сретства за еднакви можности на жените и мажите | | | Транспорт на луѓе | Други договорни услуги | Други трансфери | Семинари и конференции | Трансфер до НВО | **Вкупно по активност** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Дводневни работилници** | | | 1.938,00 | | | | | 1.938,00 |
| 2 | **Соработка со НВО** | | | | | | | | |
| 3 | **ВКУПНО планирано** | | | | | | | | |
| 4 | **ВКУПНО потрошено** | | | 1.938,00 | / | / | | | 1.938,00 |

**Активности кои се планирани а не се релизирани поради Ковид 19 се: Дводневни работилници**
**Активност која не е планирана во програмата е ; семинар**

**Извештајот за реализација на Програмата во областа на еднаквите можности на жените и мажите на општина Ѓорче за 2020 година за период од 01.01.-30.12.2020 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до советот на општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај**
**за реализација на програмата за меѓународна соработка**
**на општина Ѓорче Петров за 2020 година**

**Се објавува Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за реализација на програмата за меѓународна соработка на општина Ѓорче Петров за 2020 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и втората седница, одржана на ден 12.03.2021 година.**

**Број 09-624/10**
**од 12.03.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 52-та седница одржана на ден 12.03.2021 година ја донесе следната**

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата за меѓународна соработка на општина Ѓорче Петров за 2020 година**

**Член 1**

**Советот на општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот Извештај за реализација на програмата за меѓународна соработка на општина Ѓорче Петров за 2020 година.**

**Извештајот е составен дел од оваа Одлука.**

**Член 2**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-583/12**
**од 12.03.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за реализација на Програмата за меѓународна соработка на општина Ѓорче Петров за 2020 година

**Скопје, Март 2021 година**

## I. Воведни напомени

**Целта на овој извештај е да обезбеди приказ на реализацијата на активностите/проектите, исходот од активностите/проектите, постигнатите резултати, предвидените и потрошените финансиски средства/одобрени грантови, како и степенот на остварување на целите предвидени со Програмата за меѓународна соработка на општина Ѓорче Петров за 2020 година, бр. 08-4133/9, донесена од страна на Советот на општина Ѓорче Петров на 38-та седница одржана на ден 27.12.2020 година(„Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.17/19), изменета и дополнета со Одлуката за измена и дополнување на Програмата за меѓународна соработка на општина Ѓорче Петров, бр. 08-1932/15 донесена од страна на Советот на општина Ѓорче Петров на 45-та седница одржана на 31.08.2020 година („Служен гласник на општина Ѓорче Петров“ бр.7/20).**

## II. Опис на остварените активности, резултати и цели

**Во тек на 2018 и 2019 година беше интензивирана комуникацијата и координацијата на активностите, како и организацијата на заеднички средби, со осумте локални самоуправи во странство со кои општината има остварено разни облици на меѓународна соработка.**

**Ваквото интензивирање на соработката беше преземено со цел да се разгледаат подетално прашања/проблеми/проекти од заеднички интерес од областа на одржливиот локален економски развој, заштитатата на животната средина, природното и културното наследство, туризмот, енергетската ефикасност како и од други области. При тоа се идентификуваа и можни ко-баратели со кои општина Ѓорче Петров би изготвувала заеднички предлог-проекти и соодветни апликации на отворените повици за поднесување предлог-проекти, кои Европската Унија и поединечни земји членки на Европската Унија ги финансираат во рамките на ИПА програмата за предпристапна помош, други програми на ЕУ, како и билатерални програми на поединечни земји членки на ЕУ за меѓународна помош.**

**Во 2020 година пандемијата на коронавирусот Ковид-19 како и мерките и препораките донесени од страна на Владата на РСМ и националните влади во земјите на збратимените/пријателски општини за спречување на неговото ширење - справување пред се со здравствено-економските последици од пандемијата, забраните за патување, ограниченото движење, забраните и протоколите за организирање собири, како и препораките за сведување на минимум на непродуктивните трошоци резултираа со нереализирање на**

предвидените посети/средби помеѓу општина Ѓорче Петров и збратимените/пријателски општини. Се реализираше само една посета во странство во месец февруари 2020 година пред избувнувањето на пандемијата, за претставници од општинската администрација , за целите на присуство на состанок и студиска посета во Толедо, Шпанија во рамките на ЕУ проектот "Learning Fast and Green". По избувнувањето на пандемијата, сите предвидени средби во рамките на проектите финансирани од страна на ЕУ каде општината е придружен член или партнер се одржуваа онлајн. Средствата наменети за нереализираните средби со збратимени/пријателски општини, во земјата и странство, кои претставуваат непродуктивни трошоци – патни трошоци, дневници и угостителски услуги – беа пренаменети за зголемување на месечниот паричен надоместок на работниците од комуналните служби, како и за набавка на средства за дезинфекција и хигиена на општинските основни училишта и објектите на градинката.

Контактите, комуникацијата и средбите со претставништвата на меѓународните организации, амбасадите и дипломатските претставништва, продолжија да се реализираат, иако со значително намален интензитет и пред се за целите на реализација на веќе одобрените донаторски проекти.

Општината и понатаму продолжи да поднесува апликации на отворени повици за доставување предлог проекти во рамките на регионалните форуми организирани од ЦР на Скопски плански регион и други проекти финансирани од разни донатори (како на пример Швајцарската Агенција за Соработка и Развој, Шведската Развојна Агенција,итн. ), како и апликации за грантови и заеми одобрени во рамките на МСИП проектот спроведуван од Министерството за финансии со финансиска поддршка од Светска Банка. Општината активно учествуваше на сите обуки и настани кои се одвива во рамките на подготовката на програмата ИПА 2020 „ЕУ за општините" чијшто повик беше објавен во ноември 2020 година. Беше изготвен и поднесен концепт за иновативен предлог проект во рамките на овој повик. Во тек на годината не беа објавени нови повици за поднесување предлог проекти во рамките на ЕУ ИПА програмите за прекугранична соработа со Р. Србија и Косово.

Во декември 2019 година општина Ѓорче Петров беше избрана заедно со осум други општини да учествува во тек на 2020 г., во проектот „Зајакнување на општинските совети", спроведуван од страна на Програмата за развој на обединетите нации (УНДП), а со финансиска поддршка на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC). Крајната цел на проектот е да се создадат одржливи, ефективни и ефикасни општини, чие работење ќе биде транспарентно, отчетно и одговорно, секогаш во служба на граѓаните и нивните потреби.

**Во 2020 г. општината успешно учествуваше во сите три компоненти на овој проект – 1) градење на капацитетите на Советот и грант од 12.000 CHF за иновативни ICT решенија, 2) финансиска поддршка – грант во износ од 2.700.000 денари за приоритетни проекти избрани по пат на јавни консултации со граѓаните– форуми на заедницата и 3) вмрежување на членовите на Советот.**

**Како дел од компонента 1, членовите на Советот, општинските координатори на проектот и претставниците на администрацијата, успешно ги завршија сите 11 модули на обуки, како предуслов за добивање на проектниот грант од 2.700.000 денари за проект избран со форуми на заедницата. По пат на консултации меѓу советниците, Градоначалникот и општинската администрација, беше изготвен и одобрен предлог-проект за изработка на нова општинска вебстраница – „Транспарентна општина – задоволни граѓани“. Оваа иновативна ICT алатка за подобрување на транспарентноста и отчетноста на општината и граѓанско учество е финансирана со проектниот грант од 12.000 швајцарски франци. Јавната набавка ја спроведе УНДП, реализацијата започна во ноември 2020 а се очекува новата вебстраница да биде изготвена до крај од првиот квартал на 2021 година. Вебстраницата ќе овозможи поголема прегледност, достапност и транспарентност на податоците/извештаите и документите кои општината треба редовно да ги објавува. За подобра финансиска отчетност и транспарентност инсталирана е и контролна табла на вебстраницата на општината со податоци за реализација на буџетот на квартална и годишна основа.**

**Во рамките на компонента 2), во периодот од 18 февруари до 26 август 2020 г, општината успешно организираше јавни консултации, односно проектен форум во заедницата во тек на кој се одржаа 4 форумски сесии и три работилници. Форумот овозможи активно учество на граѓаните во процесот на одлучување, преку идентификување на приоритетни проблеми и предлог решенија, како и разработка на предложените решенија во предлог-проекти. На четвртата форумска сесија, граѓаните со најголем број гласови, го избраа како најприоритетен проектот „Со мобилност до инклузија преку безбедно осветлени патеки“ кој е финансиран со проектниот грант од 2.700.000 денари. Со проектот се предвидува да се реши во целост проблемот со недостиг на јавно осветлување на два пешачки премини во близина на основно училиште, како и приодните патеки на движење од влезовите до седум училишни згради и два објекта на градинката. Сите интервенции ќе се направат на точки кои се идентификувани како критични по безбедноста и сигурноста на учениците,**

наставниците, родителите/семејствата, и општо на граѓаните. Целта е да се овозможи подобар пристап до објектите на училиштата и градинката, а со тоа и до наставните и воннаставните активности на децата со типичен развој и децата со попреченост кои се вклучени во редовниот воспитно образовен процес, и подобар квалитет на живот на жителите на општината. Ќе се подобри безбедноста, посетеноста на наставните и воннаставните активности од страна на децата; ќе се намали чувството на несигурност кај учениците, вработените, родителите и граѓаните; а ќе се зголеми и учеството на граѓаните, децата, мажите и жените во активностите на фоклорните ансамбли и спортските клубови и здруженија кои ги користат салите и објектите на училиштата. Со проектот е предвидено поставување на 71 столбови, 91 високо-квалитетни енергетски ефикасни светилки, 71 фундаменти, 1239 метри напојни водови, како и светлосни знаци и концентрирано осветлување на 2 два пешачи премини со 2 еднострани конзолни столбови. По изтотвување и поднесување на детален извештај за форумскиот процес како и детална проектна апликација со основен проект, и по нивно одобрување од страна на УНДП, општина Ѓорче Петров склучи договор за реализација на проектот со УНДП на 17 септември 2020г. Реализацијата на проектот започна во ноември 2020, по спроведената постапка за јавна набавка и ќе трае до крај на месец април 2021 година. Согласно распоредот кој е составен дел од договорот, општината ја доби првата рата од предвидените три од проектниот грант, во износ од 1.080.000,00 денари, на посебната донаторска наменска сметка на 2 декември 2020 година. Средствата се соодветно предвидени во програмата ЈА. Изградба на јавно осветлување. Општината формираше проектен тим за спроведување, финансиско раководење, набљудување, евалуација и известување за целите на овој проект, кој успешно ги спроведува сите административни, оперативни и градежни и и инсталатерски активности.

Во рамките на компонента 3) членовите на Советот успешно учествуваа на повеќе онлајн состаноци на тематските работни групи. Во 2021 покрај онлајн состаноците на тематските работни групии се очекува и организирање на настани за вмрежување со физичко присуство, доколку се создадат поволни услови.

Пандемијата привремено го одложи и спроведувањето на проектот „Нова спортска опрема за здрави спортки навики и интеграција на децата“ финансиран преку програмата за меѓународна соработка на Р. Бугарија. Во соработка со Амбасадата на Р. Бугарија рокот за имплементација на проектот е продолжен и истиот ќе се реализира во 2021 година.

**И покрај ограничувањата и ризиците предизвикани од ширењето на коранавирусот, општината сепак успеа да ја зајакне соработката со сите релевантни домашни и меѓународни чинители, да подготвува и поднесува проекти и успешно да ги реализира истите.**

**Одделението за поддршка на Градоначалникот во координација со релевантните проектни тимови, и други засегнати сектори и одделенија, а пред се Секторот за економски одржлив развој успешно ја следеше реализацијата на сите предвидени проекти/активности како и работата на именуваните проектни тимови. Посветеноста, навременото идентификување на сите ризици, соодветното планирање на ограничените ресурси, редовното следење на сите владини препораки, уредби и финансиски параметри во тесна координација со Секторот за финансиски прашања, избегнувањето на сите непотребни непродуктивни трошоци, и подготвеноста да се задоволат исклучително кратките рокови, на сите членови на оперативниот тим на општината беа клучен фактор за успешно спроведување на активностите/проектите.**

## III. Реализирани финансиски средства по предвиден проект/активност

| Бр. | Име на проект /активност | Спроведувач/ Носител (сектор/одделение) Проектен тим (меѓусекторски) | Извор на финансирање (буџет ОЃП/ програми на Влада /Донатор) | Временска рамка | Предвиден буџет | Потрошени финансиски средства/ одобрен грант |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Организирање посета на општина Ѓорче Петров од страна на делегација од локална самоуправа во странство. | Одделение за поддршка на Градоначалникот | Буџет ОЃП | Септември - декември | 66,680,00 | 0,00 |
| 2. | Организирање средба во општина Ѓорче Петров со делегации од сите збратимени/пријателски општини од странство по повод „Денот на општината“ – 20 Септември и пригодната традиционална манифестација „Звуци на културата“. | Одделение за поддршка на Градоначалникот/Сектор за економски одржлив развој | Буџет ОЃП | Септември | 324.404,00 | 0,00 |
| 3. | Организирање посета на делегација од општина Ѓорче Петров | Одделение за поддршка на Градоначалникот | Буџет ОЃП | Септември - декември | 144.448,00 | 0,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **на локална самоуправа во странство заради остварување меѓународна соработка.** | | | | | |
| **4.** | **Организирање посети во странство на делегација од општина Ѓорче Петров заради учество во меѓународни настани/проекти каде општинате е придружна или партнерска организација.** | **Одделение за поддршка на Градоначалник** | **Буџет ОЃП** | **Јануари - декември** | **168.144,00** | **21.000,00** |
| **5.** | **Комуникација и координација со локални самоуправи во странство заради дефинирање и реализација на програма за економска соработка.** | **Одделение за поддршка на Градоначалник/Сектор за економски одржлив развој** | **Буџет ОЃП** | **тековно** | **0,00** | **0,00** |
| **6.** | **Комуникација и координација со локални самоуправи во странство заради дефинирање и реализација на иницијативи за соработка од други области (образование,** | **Одделение за поддршка на Градоначалник/Одделение за јавни дејности** | **Буџет ОЃП** | **тековно** | **0,00** | **0,00** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **спорт, култура, итн.).** | | | | | |
| **7.** | **Координација на имплементацијата на проектот – „Зајакнување на општинските совети“, чиј донатор е Швајцарската агенција за соработка и развој, а спроведувач УНДП.** | **Одделение за поддршка на Градоначалник/ Сектор за економски одржлив развој** | **Донатор** | **Јануари-декември** | **2.800.000,00** | **2.700.000,00** |
| **8.** | **Координација на имплементацијата на проектот „Нова спортска опрема за здрави спортски навики и интеграција на децата“, финансиран од Програмата на Р. Бугарија за меѓународна соработка.** | **Одделение за поддршка на Градоначалник/ Сектор за економски одржлив развој** | **Донатор** | **Јануари – декември** | **2.128.000,00** | **2.128.000,00** |
| **9.** | **Активно следење на обуките и сите настани кои ќе се одвиваат во рамките на програмата ИПА 2020 „ЕУ за општините“, следствено изготвување апликации за иновативни предлог проекти со учество на** | **Оддделение за поддршка на Градоначалник/ Сектор за економски одржлив развој** | **Донатор – ЕУ ИПА 2020 Програма „ЕУ за општините“** | **Јануари – декември** | **0,00** | **0.00** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | општина од земја членка на ЕУ. | | | | | |
| 10. | Активно следење на сите повици за поднесување на предлог-проекти и изготвување на предлог проекти за истите, во рамките на меѓународните програми за помош на ЕУ и на разни земји донатори. | Одделение за поддршка на Градоначалник/Сектор за економски одржлив развој/други сектори и одделенија зависно од тематиката | ОЃП | Тековно | 0,00 | 0,00 |
| 11. | Редовна комуникација, координација и организирање средби со претставништвата на меѓународни организации како и со странски дипломатско-конзуларни претставништва во РСМ. | Одделение за поддршка на Градоначалник | ОЃП | Тековно | 0,00 | 0,00 |
| Вкупно (финансирано од Буџет на ОЃП): | | | | | 703.676,00 | 21.000,00 |
| Вкупно (финансирано од донатори) | | | | | 4.928.000,00 | 4.828.000,00 |

**Извештајот за реализација на Програмата за меѓународна соработка на општина Ѓорче Петров за 2020 година за период 01.01.2020-31.12.2020 година, Градоначалникот како предлагач на истиот го доставува до советот на општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.**

**Градоначалник**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализација на програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2020 година**

**Се објавува Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за реализација на програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2020 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и втората седница, одржана на ден 12.03.2021 година.**

**Број 09-624/11**
**од 12.03.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 52-та седница одржана на ден 12.03.2021 година ја донесе следната**

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2020 година**

**Член 1**

**Советот на општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот Извештај за реализација на програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2020 година.**

**Извештајот е составен дел од оваа Одлука.**

**Член 2**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-583/13**
**од 12.03.2021 година**
